## У К А З

На основа чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ, а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за изменување на Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за национален парк, што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 3 јули 1952 година, а кој гласи:

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ОКОЛУ МАВРОВСКОТО ПОЛЕ ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК

Член 1

Ставовите 2, 3 и 4 на член 1 од Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското Поле за национален парк се менуваат и гласат:

Границата на националниот парк е: северната страна што води кон исток започнува од кота 2015 на Шерупа на југословенско-албанската граница и оттаму низ безимен поток оди до кота 1530 па по потокот Црн Камен до кота 1732, откаде во права линија избива на кота 1916 од оваа оди право до кота 2216 и понатаму до тригонометарот 2385 на Расангул откаде започнува источната страна што води кон југ; од тригонометарот 2385 источната страна оди по сртот на Венец на Црн Камен, Фудан Лера, Морава, Димговска црква на кои места ги сече котите 2088, 2224, тригонометарот 2197, па котите 2150, 2001, 1794, 1710 и понатаму проаѓа покрај милиционерската станица на Влајница на кота 1310 и од оваа кота во права линија оди до тригонометарот 1320, откаде води право на Шундески Рид и избива на тригонометарот 1983 кај Бандакташ, па продолжува на Милишер, каде ја сече котата 1955 и, преку сртот на Кула, Чукнитапаница (кота 1889)) Три гроба, кота 2020, избива на тригонометарот 2102 на Бистра, откаде започнува јужната страна што води кон запад; од тригонометрот 2102 јужната страна оди на кота 2024, па оттука преку Јаворица (кота 1832) Невестин гроб, по сртот на Јама (тригонометар 1711) слегува на државниот друм Кичево—Дебар и по овој друм оди до местото Велајца, па по Мала Река избива на Бошков мост и оттука оди до Емишица и, преку котите 1627 и 2255, стига до караулата Дели Исеиница (гранична точка 12) на југословенско-Албанската граница, откаде започнува западната страна што оди кон север, целата северна страна врви по југословенско-Албанската граница така што од караулата Дели Исеиница - преку сртот на Гол Крчин, Боливар, Иноска, Плоча, Корабска врата, Копи Бар, Кула, Зубери, Капи Џанит, избива на кота 2015 на Шерупа.

Во границите на националниот парк влегуваат атарите на селата: Маврово, Леуново, Никифорово, Кичиница, Врбен, Богдево, Кракорница, Бродец, Жужња, Ничпур, Нистрово, Бибај, Нивиште, Грекај, Рибница, Тануше, Врбјани, Жировница, Видуша, Требиште, Битуше, Велебрдо, Ростуша, Аџиевци, Присојница, Скудрине, Сушица, Лазарополе, Тресонче, Росоки, Селце, Јанче, Галичник, Болетин, Сонце, Волковија и Беличица.

Член 2

Овој Закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

У. бр. 22
Скопје, 3 јули 1952 година
**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар,
**Лазо Мојсов, с. р.**

Претседател,
**Страхил Гигов,** с.р.